EIPA Luxembourg
European Institute of Public Administration
European Centre for Judges and Lawyers

LE GOUVERNEMENT
DU GRAND-DUCHÉ DE LUXEMBOURG
Ministère des Affaires étrangères
et européennes

Семинар

# Заштита на податоци во ЕУ

## Скопје (МК), 09-10 јули 2018 г.

РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ
И ЈАВНИ
ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

организиран за Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Македонија

Луксембуршка програма за техничка помош за поранешната Југословенска Република Македонија
« Подготовка за исполнување на барањата од Поглавје 23 – Јакнење на судството III »

Оваа обука се спроведува со поддршка на Владата на Луксембург

**Место на семинарот**
Академија за обука на судии и јавни обвинители на Македонија, бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Контакт лице на Корисникот: Сања Пандилов (+389 75 203 897)
Лидер на EIPA семинарот: Роберта Рибеиро Ортел (+33 6 43 88 18 87)

# Вовед

### Целна група
Семинарот е наменет за судии, обвинители, адвокати, правни советници и судски службеници.

**Цел на семинарот и методологија**
EU GDPR е нова регулатива со која што се утврдува единствен, усогласен закон за приватност на податоците за ЕУ. Со зголемениот ризик од повреда на податоци преку сајбер напади, EU GDPR има за цел да ја спречи загубата на лични податоци преку подобрување на безбедноста на податоците. Организациите и институциите треба да го почитуваат новиот закон затоа што во спротивно се соочуваат со потенцијални парични казни во износ до 4% од годишниот обрт или 20 милиони евра – во зависност кој износ е поголем.

Оваа обука обезбедува детални информации за тоа како да се подготвиме за усогласување со EU GDPR регулативата. Истата дава упатување на достапниот материјал и упатства за тоа како да се подготви Инвентар на податоци, како да се спроведе Мапирање на протокот на податоци, како и Проценка на влијанието на заштитата на податоците. Исто така, дава корисни совети за изготвување на известувања за приватност и одржување на евиденцијата на обработката.

Така, оваа обука има за цел на учесниците да им ги обезбеди потребните насоки за да можат да го разберат влијанието на Општата регулатива за заштита на податоци

(GDPR), како и предизвиците поврзани со нејзината имплементација. Истата ќе понуди можност да се дискутира за предизвиците и засегнатите прашања.

Целта на обуката, исто така, е да се објаснат врските, сличностите и разликите меѓу соодветните инструменти. Затоа, за да се комплетира сликата, ќе бидат опфатени и други меѓународни инструменти (т.е. Конвенцијата на Советот на Европа 108) и неодамнешната европска судска пракса.

## Експерти

**Лоредана Тасоне**, Адвокат за заштита на податоци, Алфалекс
Консултант во Совет на Европа
loredana_tassone@yahoo.com

## EIPA – Европски центар за судии и адвокати

**Роберта Рибеиро Ортел,** *Предавач, r.oertel@eipa.eu*

**Стефани Комоди Гемниг,** *Организатор на програмата,* s.gemnig@eipa.eu

# Програма

**<u>Прв ден</u>**

09.15 **Добредојде и заедничко запознавање со програмата**

09.30 **Правата на субјектот на податоци и принципот на законитост**
Давање и повлекување на согласност. Справување со барањето за пристап на субјектот на податоци.

***Практични примери***

10.15 Пауза за кафе

10.45 **Одговорност и правна основа за обработка**
Фокусирање на јавниот интерес и легитмниот интерес како правна основа за обработка

**Практични примери**

12.00 Ручек

13.30 **Улогата на и односот меѓу контролорот и обработувачите**
Како да се изготви известување за приватност. Договори меѓу контролорот и обработувачот и договори меѓу обработувачот и под-обработувачите

15.00 Пауза за кафе

15.30 **Улогата на офицерот за заштита на податоци (ОЗП)**
Критериуми за избор/назначување на ОЗП

***Тест***

16.30 Крај на првиот ден

**<u>Втор ден</u>**

09.00 **Одговорност и патот до усогласеноста**
*Инвентар, Мапирање на протокот на податоци, Проценка на влијанието на заштитата на податоците (DPIA)*

10.15 Пауза за кафе

10.30 **Спроведување на мапирањето на протокот на податоци и проценка на ризиците**
Чекори што треба да се преземат и упатства на ОЗП

11.15 **Спроведување на DPIA и осигурување безбедност**
*Како да се спроведе DPIA и Меѓународни стандарди за безбедност*

***Тест***

12.00 **<u>Евалуација и крај на семинарот</u>**